| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на трофазен 110kV далновод од ТС 110/10kV Валандово до нова ТС 400/110kV Милетково, и изградба на двофазен 2x110kV ДВ ТС 400/110kV Милетково до ТС 110/25kV ЕВП Милетково, Општина Валандово И Општина Гевгелија |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | **Градежен институт МАКЕДОНИЈА АД Скопје** |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | **Министер за транспорт** |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Градежен институт МАКЕДОНИЈА АД Скопје<br><br>Планер потписник<br>Анче Димитриевска Толевска,дипл.инж.арх.овластување бр.0,0102<br>Планери<br>Катерина Николовска , дипл. инж. арх., овластување бр. 0.0526<br>м-р Елена Спасеска дипл.инж.арх |
| Назив на работното место | планери |
| Контакт податоци за лицето | ул. Дрезденска бр.52,Скопје<br>075 406 062 |

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) | | | |
| Основа за изрботка на предметната урбанистичка документација се одредбите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр. 32/20 ,111/23 и 171/24 ), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 225/20 , 219/21, 104/22 , 99/23 и 7/25) , Одобрената Проектна програма изработена со проектната задача финансирана од Инвеститорот и Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Р Македонија кои содржат насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена за влијанието на животната средина согласно залпнот за животна средина. | | | |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? | | | |
| ДА ☒<br>НЕ ☐ | | | |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? | | | |
| / | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. | | | |
| Да -Согласно Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз животната средина | | | |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5). | | | |
| Да☐<br>Не ☒ | Член: | Точка: | Алинеја: |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. | | | |
| не | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. | | | |
| Не | | | |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. | | | |
| изградба на надземен 110 kV далновод (ДВ) од постојната трафостаница Валандово до нова 400/110 kV трафостаница Милетково со Реконструкција на дел од постоен 110 kV ДВ од ТС Валандово до ТС ЕВП Милетково (ЕВП е електрична трафостаница која ја претвора моќноста во соодветен напон, тип на струја и фреквенција за снабдување на железнички систем(и) со влечна струја.) и Изградба на нов 2x110 kV далновод од ТС ЕВП Милетково со нова 400/110 kV ТС Милетково, со дожина од 1,8 km. | | | |
| Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) | | | |
| Планирање на просторот | | | |
| Периодот за донесување на планскиот документ. | | | |
| / | | | |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? | | | |
| не | | | |
| Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа | | | |




Просторот кој е предмет на изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на трофазен 110kV далновод од ТС 110/10kV Валандово до нова ТС 400/110kV Милетково е со површина од 154429 m², односно 15,44ha, и изградба на двофазен 2x110kV ДВ ТС 400/110kV Милетково до ТС 110/25kV ЕВП Милетково, Општина Валандово и Општина Гевгелија, е со површина од 34395m², односно 3,44ha.

Проектниот опфат од ТС 110/10kV Валандово до нова ТС 400/110kV Милетково зафаќа катастарски парцели од КО Милетково, КО Смоквица административна општина Гевгелија и катастарски парцели од КО Балинци, КО Брајковци, КО Марвинци, КО Валандово вон-град,КО Пирава вон град, административна општина Валандово. ,

Трсата почнува од постоечката ТС 110/35/10 kV Валандово, а крајна точка е ТС 110/25kV ЕВП Милетково. Трасата на тој ДВ е со должина од 6.2 км со број од 21 столб(14 носечки и 7 затегнувачки).

Коридорот на продолжението од 110 kV ДВ започнува од постојниот столб бр.19 и се упатува на југ кон автопатот А1 и по 1,8 км стигнува до новата ТС 400/110 kV Милетково.

Вкупната должина на трасата на ДВ од ТС 110/10kV Валандово до ТС 400/110kV Милетково изнесува L=7.8км

Од столб бр.19 до ТС 110/25kV ЕВП Милетково должината на трасата е 0,2км

Коридорот за новиот двофазен 2x110 kV ДВ ТС 400/110 kV Милетково – ТС 110/25kV ЕВП Милетково започнува од поле(ња) бр. 1 и 2 во новата ТС 400/110 kVМилетково и се упатува северо-источно приближно 1,7 km и потоа свртува во правец север-север исток додека не стигне до постојниот столб бр. 21 во близина на постоечка ТС 110/25 kV ЕВП Милетково.

Вкупната должина на трасата на ДВ од ТС 400/110kV Милетково до ТС 110/25 kV ЕВП Милетково изнесува L=1,7км

Вкупната должина на трасите на предметните далноводи изнесува L=9.7км

| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
|---|
| Да ☒<br>Не ☐ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☐<br>Не ☒ |

| Резиме на влијанијата врз животната средина (Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето). | |
|---|---|
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ. Со реализација на планскиот документ предвидените површини за градење и нивната реализација зависат од урбанистичките параметри што се составен дел на планската документација. Планскиот документ ги содржи сите потребни мерки за заштита од сите аспекти, воедно овој плански документ се изработува на дел од постоечки далновод на кој се прави реконструкција така да нема посебно влијание врз животната средина на луѓето. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата | Проектот предвидува две компоненти, и тоа.<br>(1) Реконструкција на постоен 110 kV далновод ТС Валандово – ТС ЕВП Милетково, со екстензија до новата 400/110 kV ТС Милетково<br>(2) Изградба на нов 2x110 kV далновод од ТС ЕВП Милетково со нова 400/110 kV ТС Милетково, со дожина од 1,8 km.<br>Во согласност со системските студии на регионалната преносна мрежа на МЕПСО, извршени за целите на Проектот, постојниот двојно-системски 110 kV ДВ ТС Валандово – ТС ЕВП Милетково ќе се реконструира за поврзување на новата 400/110 kV ТС Милетково со постојната 110/35 kV ТС Валандово.<br>Во комплексот кој е во граници на планскиот опфат основна класа на намена е;<br>Е – Градби од нискоградба - Инфраструктури<br>Е1.8 – Водови за пренос на електрична енергија<br>При реализација на содржините во планскиот опфат предвидени со планската документација особено во конструктивната фаза ќе се генерираат емисии во воздухот од градежните активности и од механизацијата, отпадни води, отпад, бучава, вибрации, несакани истекувања и сл. кои може да предизвикаат негативни влијанија врз здравјето на луѓето, воздухот, водата, почвата, биолошката разновидност, пределот и сл.<br>Овие влијанија се оценуваат како можни, локални, повратни и неповратни краткорочни влијанија. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Кумулативната природа на влијанијата може да се разгледува во однос на одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа. |
| Прекугранична природа на влијанијата | Нема |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи) | За функционален 110 kV далновод, заштитната зона е пропишана со Мрежните правила на МЕПСО и се одредува според напонот на водот: -10 метри од оската на оперативен 110 kV далновод (или 20 метри широк безбедносен коридор (зона) по трасата на водот).<br>Целта на оваа регулатива е да се олесни непреченото функционирање на електричната мрежа, да се обезбеди безбедно работење, да се исполнат барањата на санитарните и безбедносните норми и да се спречат несреќи. Во рамките на оваа заштитна зона не смеат да се градат згради и објекти, а одредени активности се ограничени за да се обезбеди безбедно функционирање на далноводите и соодветна јавна безбедност на луѓето. |

| | |
|---|---|
| | Овие главно вклучуваат земјоделски активности во рамките на заштитната зона кои вклучуваат култивирани растенија или дрвја кои достигнуваат висина што може да претставува безбедносен оперативен ризик за далноводот , или земјоделски практики кои користат опрема за прскање, како и фиксна или мобилна опрема за наводнување. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната) | Проектниот опфат од ТС 110/10kV Валандово до нова ТС 400/110kV Милетково зафаќа катастарски парцели од КО Милетково, КО Смоквица административна општина Гевгелија и катастарски парцели од КО Балинци, КО Брајковци, КО Марвинци, КО Валандово вон-град,КО Пирава вон град, административна општина Валандово и нема жители , но индиректно ќе го опфати населението во целата Општина Гевгелија<br>Најблиски населби долж коридорот на далноводот се селата Брајковци, Балинци и Марвинци, на релативно растојание од 1 km до 1,5 km, лоцирани јужно од далноводот. На приближно 1400 m северно од село Марвинци и 1800 m северо-источно од ТС ЕВП Милетково, далноводот поминува по регионалниот пат Р1102. На приближно 1 km од овој премин, далноводот повторно ја преминува реката Анска Река и понатаму на запад ја преминува реката Вардар, приближно 300 m источно од ТС ЕВП Милетково. Во непосредна близина на оваа трафостаница, далноводот ја преминува железничката пруга Скопје – Солун (Грција). |

| |
|---|
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: |
| Овој плански документ позитивни влијае на економските и социјалните влијанија на ова подрачје |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Со изградба на планираниот објект ќе се овозможи подобар економски развој на ова подрачје |

| | |
|---|---|
| „Посебни природни карактеристики или културно наследство | Согласно допис бр. 17-2143/2 од 06.07.2023 од •Министерство за култура-Управа за заштита на културното наследство Ве известуваме дека е констатирано на подрачјето на предметниот проектен опфат и неговата непосредна близина се наоѓаат повеќе добра за кои основно се претпоставува дека претставуваат културно наследство.<br>Поради тоа, а во согласност со одредбите од член 71 од Законот за заштита на културното наследство(„ Службен весник на Република Македонија" бр. 20/04,115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), ве упатуваме да контактирате со НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј- Струмица да извршат увид во границите на предметниот проектен опфат, да се произнесат со стручно мислење и да утврдат соодветен режим на заштита."<br>Согласно допис бр. 1005-88/36 од 15.02.2024 од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј- Струмица по извршена теренска проспекција предлага задолжителен археолошки надзор при изведување на градежните работи на потегот од ТС 400/100kV Милетково до асфалтиран пат за с. Милетково.Таму е евидентиран археолошки локалитет Лозјата-Дуковец 4-806-012/10/ ЕНД (Археолошка карта на РМ Том II ,Скопје 1996.стр100) На потегот кај постоечката ТС 110/10kVВаландово на површината на теренот не е утврдено присуство на движен и недвижен археолошки материјал. |

| | |
|---|---|
| | На двата потега стручниот им предлага мерката заштита согласно член 65 од Законот за заштита на спомениците на културата (Сл. весник на РМ бр.20/04,115/07, 18/11,148/11, 23/13, 137/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15,192/15,39/16,11/ 18 и 20/19)односно;<br>Ако во текот на изведување на градежни, земјоделски или други работи се дојде до археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, изведувачот на работите е должен веднаш, а најдоцна во рок од три дена;<br>1. Да го пријави откритието во смисла на членот 129 став(2) на овој зцакон;<br>2. Да ги запрте работите и да го безбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување , како и од неовластен пристап и<br>3. Да ги зачува откриените предмети на местото и во состојба во која де најдени. |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Според постоечката состојба и направената анализа на влијанијата, генерална оценка е дека реализацијата на активностите на Операторот нема да има значително влијание врз животната средина и неговата работа е оправдана.<br>√ Утврдените влијанија врз животната средина се во рамки на влијанија што може да се контролираат, односно може да бидат избегнати или намалени преку спроведување на соодветни мерки и контрола,<br>√ Функционирањето на активноста не резултира со извори и емисии што може да имаат значителни влијанија кои би довеле до нарушување на животната средина и здравјето на луѓето,<br>Со цел надминување на идентификуваните недостатоци и постигнување на усогласеност со поставените стандарди на животна средина, подготвена е Програма за заштита на животната средина. Програмата е составена од низа на мерки за контрола и спречување на можните влијанија.<br>Операторот има обврска да обезбеди спроведување на програма за заштита. На тој начин ќе се обезбеди правилно функционирање на активноста и почитување на соодветните законски обврски |
| Интензивна употреба на земјиштето | Земјиштето е изградено, |
| Влијанијата врз областите или пејзажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Според податоците добиени од Министерство за животна средина и просторно планирање-Сектор за природа, допис бр.11-4121/4 од 17.07.2023, предметниот опфат не влегува во граници на заштитени подрачја, исто така на предметниот опфат нема идентификувани НАТУРА 2000 подрачја и Емералд подрачја. |

| |
|---|
| Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите: |
| Во рамки на планскиот документ се предвидува изградба на објекти со намена<br><br>Е – Градби од нискоградба - Инфраструктури<br><br>Е1.8 – Водови за пренос на електрична енергија - Трансформаторски станици и подстаници, далекoводни столбови<br><br>Воедно се планираат комплементарни намени кои се во функција на објектите. |
| Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br><br>Од својата почетна точка - постојната ТС Валандово - далноводот оди кон запад низ ридска шума и грмушкаст предел. Го минува регионалниот пат Р1105 во близина на Валандово и потоа ја минува канализираната река Анска Река, приближно 600 метри од трафостаницата. Од овој премин со реката Анска Река, трасата продолжува во општ правец запад – југозапад, паралелно со Анска Река (на релативно растојание од 50 до 200 метри), главно преку земјоделско земјиште. Најблиски населби долж коридорот на далноводот се селата Брајковци, Балинци и Марвинци, на релативно растојание од 1 km до 1,5 km, лоцирани јужно од далноводот. На приближно 1400 m северно од село Марвинци и 1800 m северо-источно од ТС ЕВП Милетково, далноводот поминува по регионалниот пат Р1102. На приближно 1 km од овој премин, далноводот повторно ја преминува реката Анска Река и понатаму на запад ја преминува реката Вардар, приближно 300 m источно од ТС ЕВП Милетково. Во непосредна близина на оваа трафостаница, далноводот ја преминува железничката пруга Скопје – Солун (Грција). |
| Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој (да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).<br><br>Планската документација опфаќа постоечки далноводи така да не се очекуваат дополнителни влијанија врз животната средина |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност (објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).<br><br>Со Реализацијата на урбанистичката документација за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на трофазен 110kV далновод од ТС 110/10kV Валандово до нова ТС 400/110kV Милетково, и изградба на двофазен 2x110kV ДВ ТС 400/110kV Милетково до ТС 110/25kV ЕВП Милетково, Општина Валандово И Општина Гевгелија, додека трае изградбната можно е негативно влијание на жовотната средина со мал интензитет и тоа на локално ниво. |

Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на трофазен 110kV далновод од ТС 110/10kV Валандово до нова ТС 400/110kV Милетково, и изградба на двофазен 2x110kV ДВ ТС 400/110kV Милетково до ТС 110/25kV ЕВП Милетково, Општина Валандово И Општина Гевгелија, се изработува за проширување на постоечките капацитети на МЕПСО зголемен број за нови приклучувања на обновливи извори на енергија во локалната преносна мрежа во поширокиот регион на Проектот.
Предметниот проектен опфат е опфатен во рамките на урбаниот опфат на Просторниот План на Република Македонија, според кој се изработени условите за планирање на просторот од страна на Агенцијата за планирање на просторот - Скопје, Република Македонија, со ( технички број Y37223) и Решение за услови за планирање на просторот ( арх.бр. УП1-15-80 /2024 од 24.01.2024 год),

Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.

Потенцијалните влијанија од предметниот плански документ не биле предмет на оцена.

Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).

Во рамки на планскиот документ се предвидува изградба на објекти со намена

Е1.8 – Водови за пренос на електрична енергија - Трансформаторски станици и подстаници, далеководни столбови

Влијанието кое ќе произлезе од објектот е важно за вклопување во планскиот документ од повисоко ниво (Просторен план на Република Македонија), каде би се вградиле, но не гледаме потреба истите да подлежат на нови оценувања. Доколку при изработка на план од повисоко ниво пр. Урбанистички план вон населено место се одлучи дека има потреба од оцена на ова подрачје, тогаш при наредната разработка на планска документација ќе биде почитувана одлуката од надлежната институција.

| | |
|---|---|
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |

| | |
|---|---|
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Министер за транспорт,<br>Александар Николоски |
| Број: 07-2888/3<br>Датум: 09.04.2025 година<br>Место: Скопје | М.П. |